ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: Градоначалник на
Општина Аеродром
Доц. д-р Тимчо Муцунски

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања - Одделение за
буџетска координација

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТОТ НА
# ОПШТИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

**декември 2023 година**

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на РСМ” бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), и член 24 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр. 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/2019), Советот на општината на ______ седница одржана на __.__.2023 година донесе

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Со овој Буџетски календар за подготовка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година се утврдуваат роковите и носителите на активностите за подготовка на буџетот.

### Член 2

Роковите и носителите на активностите за подготовка на буџетот за 2024 година се утврдени во следната табела:

| ДАТУМ/ РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| декември 2023 година | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| јануари 2024 година | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста |
| најдоцна до 30 септември 2024 година | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог буџетот за 2025 година |
| октомври 2024 година | а.Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до единките корисници<br>б.Единките корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции<br>в.Секторот за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог - буџет |

| | |
|---|---|
| најдоцна до 20 октомври 2024 година | Предлог план на програми за развој и Годишните програми усогласени со насоките на Циркуларот се доставува на одобрување до Советот на општината |
| октомври-ноември 2024 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог - буџетот за 2025 год. подготвен од страна на Секторот за финасиски прашања на општината |
| најдоцна до 15 ноември 2024 година | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за 2025 година |
| ноември - декември 2024 година | а.Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б.Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава достапност на јавноста<br>в.Се одржуваат јавни расправи |
| декември 2024 година | а.До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на градоначалникот<br>б.Се води расправа во телата на Советот на општината |
| до 31 декември 2024 година | Седница на Советот на општината за:<br>а.Донесување на Буџетот за 2025 година<br>б.Донесување на Одлука за извршување буџетот на општината<br>в.Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници |

**Член 3**

Буџетскиот календар за подготовка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година се применува со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Аеродром”.

Совет на Општина Аеродром
Претседател,
Дејан Митески

**Образложение**

Роковите за планирање и донесување на буџетот на општината се определени со буџетскиот календар на општината, што го донесува Советот на општината. Формирањето на буџетскиот календар се води од рамките и роковите утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со буџетскиот календар се дефинираат потребните рокови за превземање на сите дејствија кои преставуваат пропратен и задолжителен елемент во процесот на донесување на буџетот на општината.